# ВОДИЧ ЗА УПИСИ

## ЗА АКАДЕМСКАТА 2012/2013 ГОДИНА








# УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

# КАМПУСИ

## КАМПУС I

РЕКТОРАТ

## КАМПУС II

ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ
ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ
МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ
ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ
ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ
ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА

## КАМПУС III

ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ

## КАМПУС IV

ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ
ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ
ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ
ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ
ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ



# СТУДЕНТИ



**Почитувани идни студенти,**

Пред вас е важен период од вашиот живот, период во којшто ќе бидете соочени со големи предизвици. Пред да ја изберете вашата животна професија, размислете добро со што најмногу сакате да се занимавате во животот, одберете професија што ќе ја работите со љубов и посветеност. Понатаму, одберете високообразовна институција која ќе биде ваш партнер и силна поддршка во остварувањето на вашата животна цел. Препознајте универзитет кој негува квалитетно образование, реализирано во современи услови, преку професионален наставнички кадар кој е подготвен да го пренесе своето знаење и искуство.

Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип уште на почеток имаше пред себе јасна задача и цел - да воспостави високи образовни стандарди, со втемелени вредности, реализирани на современ начин, вклучувајќи ги најмодерните светски методи и алатки за успешна реализација на образовната и научна програма. Универзитетот е организиран како најголемиот број европски универзитети и функционира според моделот на интегриран универзитет.

Во моментов околу **16.000** студенти го препознаа Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип како свој универзитет, место каде што можат да ги реализираат своите потреби за знаења, да ги задоволат своите интереси, место каде што во текот на студирањето можат да научат како теоретското знаење да го поврзат со практичното.

Искористи ја можноста да ја започнеш својата професионална кариера уште во текот на студиите.

Препознај ги вистинските можности!

Препознај ја својата иднина!

**Со почит,**
**Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип**



# ШТО МОЖАМ ДА СТУДИРАМ?

## ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ
Правосудна насока – Штип
Новинарство – Штип
Правни студии - Финансово право – Штип
Правни студии - Административно право – Штип
Правни студии - Граѓанско право – Штип
Правни студии - Финансово право – Струмица
Правни студии - Административно право – Струмица
Правни студии - Граѓанско право – Струмица
Применета политика и дипломатија
(модул Европско право) – Штип

## ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ
Финансиски менаџмент – Радовиш
Здравствен менаџмент – Кочани
Финансиски менаџмент – Кочани
Сметководство, финансии и ревизија – Штип
Финансиски менаџмент – Струмица
Менаџмент и претприемништво – Радовиш

## ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ
Одделенска настава – Штип
Предучилишно воспитување – Штип
Историја со археологија – Штип
Одделенска настава – Струмица

## ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ
Географија – Штип
Рударство – Штип
Геологија – Штип
Инженерство на природни ресурси – Штип
Логистика (индустриска логистика) – Штип
Геомеханика – Штип
Градежништво – Штип
Архитектура и дизајн – Штип
Биологија – Штип
Математика – Штип
Рударство – Скопје
Геологија – Скопје
Рударство – Прилеп
Геологија – Прилеп
Инженерство на природни ресурси – Прилеп
Рударство – Крива Паланка
Логистика (индустриска логистика) – Пробиштип
Логистика (индустриска логистика) – Кавадарци
Архитектура и дизајн – Скопје

## ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА
Информатика – Штип
Бизнис информатика (англиски јазик) – Штип
Бизнис информатика – Штип
Информатика – Кавадарци

# ШТО МОЖАМ ДА СТУДИРАМ?



**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**

**Оддел за теорија на музиката и музичка педагогија**

Катедра за теорија на музиката и музичка педагогија

Катедра за етнокореологија, етномузикологија и народни инструменти

**Вокално-инструментален оддел**

Катедра за пијано

Катедра за дувачки инструменти

Флејта

Обоа

Кларинет

Хорна

Труба

Тромбон

Катедра за жичени инструменти

Виолина

Виола

Виолончело

Контрабас

Катедра за вокално пеење

**Оддел за џез студии**

Катедра за инструментален џез

Гитара

Џез труба

Саксафон

Џез тапани

Пијано

Студиска програма за класично сликарство – Штип (акредитацијата е во тек)

Студиска програма за класично сликарство – Скопје (акредитацијата е во тек)

Студиска програма за филмска и ТВ режија (ФАМУ) – Штип (акредитацијата е во тек)

**ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ**

Општа насока – Штип

Општа насока - модул Агроменаџмент – Штип

Рурален развој – Штип

Општа насока – Струмица

Општа насока - модул Агроменаџмент – Струмица

Општа насока - модул Енологија – Кавадарци

Општа насока - модул Лозарство – Кавадарци

Општа насока - модул Преработка на анимални производи – Свети Николе



# ШТО МОЖАМ ДА СТУДИРАМ?

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

Германски јазик и книжевност – Штип
Англиски јазик и книжевност – Штип
Турски јазик и книжевност – Штип
Македонски јазик и книжевност – Штип
Италијански јазик и книжевност – Штип
Француски јазик и книжевност – Штип
Англиски јазик и книжевност – Радовиш

**ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ**

Медицина
Стоматологија
Фармација
Медицински сестри - стручни студии
Физиотерапевти - стручни студии
Лаборанти - стручни студии
Оптометрија и очна оптика - стручни студии
Забен техничар/протетичар - стручни студии
Акушерки

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

Производно машинство – Виница
Транспорт, организација и логистика  – Виница
Производно машинство – Штип
Производно машинство – Кочани
Транспорт, организација и логистика – Струмица

**ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА**

Туризам – Гевгелија
Бизнис логистика – Гевгелија
Бизнис логистика – Скопје
Гастрономија, исхрана, диететика – Скопје
Хотелско-ресторанска насока – Скопје
Гастрономија, исхрана, диететика – Штип
Хотелско-ресторанска насока – Штип

**ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

Обновливи извори на енергија – Радовиш
Системи за автоматско управување – Штип
Обновливи извори на енергија – Штип

**ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

Нови технологии и материјали – Пробиштип
Текстилно инженерство – Пробиштип
Текстилно инженерство – Штип
Текстилно инженерство – Кочани
Текстил, дизајн и менаџмет – Штип

**АКАДЕМСКА 2012/2013 ГОДИНА**

# КАКО Е ОРГАНИЗИРАНА НАСТАВАТА?

Универзитетот „Гоце Делчев“ интегрира 13 факултети, организирани во кампуси, чијашто настава се изведува во единаесет градови во државава. Студиите на Универзитетот „Гоце Делчев“ се базираат на системите 3+2+3 и 4+1+3, што значи дека секоја студиска програма може да се продолжи со втор циклус на студии, кои се во времетраење од 2 односно 1 година.
На факултетите при Универзитетот се организираат студиски програми во три циклуси на високото образование:

- прв циклус на универзитетски студии;
- втор циклус на универзитетски студии;
- трет циклус на универзитетски студии.

Првиот циклус на студии се остварува врз основа на акредитирани студиски програми, дизајнирани според Европскиот кредит-трансфер систем.



# КОИ ДОКУМЕНТИ МИ СЕ ПОТРЕБНИ?

При пријавувањето за запишување на Универзитетот, кандидатите ги поднесуваат следниве документи:

- пријава за запишување;
- оригинални свидетелства од сите класови;
- државна матура, меѓународна матура или училишна матура;
- свидетелство за завршено средно образование;
- извод од матичната книга на родените;
- доказ за државјанство на РМ (уверение или решение).
- потврда за уплатени:

– **300 денари** на жиро-сметка на Универзитетот за студиски програми за кои **не се врши проверка** на знаењата и умеењата, како и уплата за административна такса од 50,00 денари;

– **500 денари** на жиро-сметка на Универзитетот за студиски програми **за кои се врши проверка** на знаењата и умеењата, како и уплата за административна такса од 50,00 денари.

Жиро-сметка на Универзитет „Гоце Делчев" - Штип
100000000063095
Сметка на корисник 1600160330-788-18
Приходна шифра 723019
Програма 44
Образец ПП-50



# КОЛКУ ЧИНИ СТУДИРАЊЕТО НА УГД?

- Студентите во државна квота се запишуваат со плаќање на надомест во износ од 100/200 евра, во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на РМ.
- Студентите во квотата за кофинансирање се запишуваат со плаќање на надомест за кофинансирање на студиите во износ од 100/400 евра, во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на РМ.
- Вонредните студенти се запишуваат со плаќање на надомест во износ од 400 евра, во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на РМ.

Плаќањето се врши на две еднакви рати во почетокот на секој семестар, за секоја студиска година во текот на целото студирање.

# КАДЕ МОЖАМ ДА СЕ ПРИЈАВАМ?

Во **Штип** кандидатите се пријавуваат на: Економски факултет, Земјоделски факултет, Факултет за образовни науки, Факултет за природни и технички науки, Факултет за информатика, Факултет за музичка уметност, Факултет за медицински науки, Филолошки факултет, Факултет за туризам и бизнис логистика, Технолошко-технички факултет, Машински факултет, Електротехнички факултет и Правен факултет.

Во **Струмица** кандидатите се пријавуваат на: Земјоделски факултет, Економски факултет, Факултет за образовни науки, Правен факултет и Машински факултет.

Во **Кавадарци** кандидатите се пријавуваат на: Земјоделски факултет, Факултет за информатика и Факултет за природни и технички науки.

Во **Кочани** кандидатите се пријавуваат на: Економски факултет, Машински факултет и Технолошко-технички факултет.

Во **Радовиш** кандидатите се пријавуваат на: Електротехнички факултет, Филолошки факултет и Економскиот факултет.

Во **Пробиштип** кандидатите се пријавуваат на: Технолошко-технички факултет и Факултет за природни и технички науки.

Во **Виница** кандидатите се пријавуваат на Машински факултет.

Во **Гевгелија** кандидатите се пријавуваат на Факултет за туризам и бизнис логистика.

Во **Прилеп** кандидатите се пријавуваат на Факултет за природни и технички науки.

Во **Свети Николе** кандидатите се пријавуваат на Земјоделски факултет.

Во **Скопје** кандидатите се пријавуваат на: Факултет за туризам и бизнис логистика и Факултет за природни и технички науки.



## КОГА ТРЕБА ДА СЕ ПРИЈАВАМ?

| РЕАЛИЗАЦИЈА НА КОНКУРСОТ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИ 2012/2013 ГОДИНА | I УПИСЕН РОК | | II УПИСЕН РОК | | III УПИСЕН РОК | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ВИД НА СТУДИСКИ ПРОГРАМИ | | | | | |
| | Со проверка на знаења и умеења | Без проверка на знаења и умеења | Со проверка на знаења и умеења | Без проверка на знаења и умеења | Со проверка на знаења и умеења | Без проверка на знаења и умеења |
| Пријавување на кандидатите | **15-16 август 2012** | **15-16 август 2012** | **3-4 септември 2012** | **3-4 септември 2012** | **14 септември 2012** | **14 септември 2012** |
| Објавување на резулати од успехот во средно образование | **22 август 2012** | **22 август 2012** | **7 септември 2012** | **7 септември 2012** | **17 септември 2012** | **17 септември 2012** |
| Проверка на знаења и умеења | **20 август 2012** | - | **5 септември 2012** | - | **17 септември 2012** | - |
| Објавување на резултати од проверката на знаења и умеења | **24 август 2012** | - | **12 септември 2012** | - | **19 септември 2012** | - |
| Објавување на решение за прием на кандидатите | **27 август 2012** | **27 август 2012** | **13 септември 2012** | **13 септември 2012** | **20 септември 2012** | **20 септември 2012** |
| Запишување на кандидатите | **30-31 август 2012** | **30-31 август 2012** | **14 септември 2012** | **14 септември 2012** | **24 септември 2012** | **24 септември 2012** |




# КАКО ДА СТАНАМ ВОНРЕДЕН СТУДЕНТ?

Како вонредни студенти може да се запишуваат кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување и имаат договор за вработување на неопределено време, како и кандидати кои од оправдани причини не се во можност да се запишат како редовни студенти.

Вонредните студенти се запишуваат според истите услови и критериуми како и редовните студенти, а се рангираат на посебна ранг-листа.







# КАКО ДА СЕ ПРЕФРЛАМ ОД ДРУГ УНИВЕРЗИТЕТ?

Универзитет „Гоце Делчев“ овозможува премин на студенти од други универзитети на УГД, како и премин на студенти помеѓу факултетите и студиските програми што ги нуди Универзитетот.

Премин од една на друга единица во рамките на Универзитетот и/или премин од друг универзитет на УГД може да прават редовни и вонредни студенти два пати во текот на една календарска година, и тоа: пред почетокот на зимскиот семестар за редовни и вонредни студенти и пред почетокот на летниот семестар само за вонредни студенти.

Процедурата за премин на студенти во Универзитетот или од друг универзитет на УГД е едноставна и брза.

Редовните студенти кои сакаат да се префрлат од друг универзитет на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип треба да поднесат:

- барање за премин од друг универзитет на УГД (односно барање за премин од една единица на друга единица) и доказ за уплата на административна такса од 50 денари;
- доказ за уплата на 1.000 денари, со цел на дознака: премин од друг универзитет на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
- уверение за положени испити;
- доколку студентот сака да му се признаат положените испити (согласно со уверението за положени испити) доставува барање за признавање на положени испити и доказ за уплата на административна такса од 50 денари.

Вонредните студенти, освен овие документи, поднесуваат и доказ за вработување (нотарски заверен М1/М2 образец) или лекарско уверение за спреченост на следење на настава.

Овие документи треба да се поднесат до референтот во Одделот за студентски прашања на факултетот каде што студентот сака да се префрли. (повеќе информации и пристап до барањата на: www.ugd.edu.mk)






# ДРУГИ КОРИСНИ ИНФОРМАЦИИ ШТО ТРЕБА ДА ГИ ЗНАМ?



На единиците при Универзитетот каде што се организираат студии на англиски јазик, 50% од квотата ќе се запишаат државјани на Р. Македонија, а 50% странски државјани.
Универзитетот нема да наплатува партиципација за:

- лица без родители;
- лица од прв степен на инвалидност;
- воени инвалиди;
- лица растени во домови за напуштени деца.

Средствата за партиципација на овие лица ќе се покриваат од Буџетот на Република Македонија.

Припадниците на безбедносните сили, децата на загинат или починат припадник на безбедносните сили и децата на воен инвалид од I до VII група, утврдени со одредбите од член 2 и член 4 од Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и членовите на нивните семејства („Сл. весник на РМ" бр. 2/2002), во учебната 2012/2013 година ќе се запишуваат надвор од државната квота без плаќање кофинансирање, под услови за запишување утврдени во овој Конкурс, а нивниот број може да изнесува најмногу 10% од вкупниот број студенти на соодветна студиска програма.
Правото од претходниот став кандидатите го остваруваат при пријавувањето, со документ од Министерството за одбрана или од Министерството за внатрешни работи. Дополнително доставување документ за кандидатите кои се запишуваат во прва година не се зема предвид.
Студентите од ромска националност кои ќе се запишат во учебната 2012/2013 година се ослободени од партиципација за прв и втор семестар.






# СТУДИСКИ ПРОГРАМИ ЗА КОИ СЕ ВРШИ ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊА И УМЕЕЊА

| **ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ** | |
|---|---|
| Оддел за музичка теорија и педагогија | Солфеж, основи на хармонијата, пијано |
| Вокално-инструментален оддел | Вокално пеење (за пејачите) или инструмент (за инструменталците) и солфеж |
| Оддел за џез студии | Инструмент или интервју; солфеж |
| Оддел за етнокореологија | Солфеж, етнокорелогија со физички предиспизиции |



# КОНТАКТИ



Правен факултет
032/550-069

Економски факултет
032/550-066

Земјоделски факултет
032/550-071

Факултет за природни и технички науки
032/550-065

Електротехнички факултет
032/550-662

Факултет за туризам и бизнис логистика
032/550-353

Факултет за медицински науки
032/550-070

Факултет за информатика
032/550-064

Факултет за образовни науки
032/550-062

Филолошки факултет
032/550-068

Факултет за музичка уметност
032/550-063

Технолошко-технички факултет
032/550-900

Машински факултет
032/550-073





КОНКУРСОТ Е ОБЈАВЕН НА ВЕБ-СТРАНИЦАТА:
http://www.ugd.edu.mk/

Универзитет „Гоце Делчев" - Штип
Адреса: ул. „Крсте Мисирков" бб
Тел: 032/550 000
Факс: 032/390 700

E-mail:contact@ugd.edu.mk
www.ugd.edu.mk

